**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**
**РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА**
**С К О П Ј Е**
**Бр.14-8/611**
**Скопје, 30.07.2002 година**

**ДО**
**КОМИСИЈА ЗА**
**ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РМ**

**С К О П Ј Е**

**Б А Р А Њ Е**

За бришење на упишаните акции во Книгата на акции во ЦДХВ согласно член 289 од ЗТД.

Поради тоа што имаме основани сомнениа дека 3648 акции на акционерите Наков Штерјов и 1185 акции на Кираца Трајковска и (двајцата акционери во АД Фершпед Скопје) се спротивно на Законот (неосновано) запишани во Книгата на акции.

Акционерот Наков Штерјов согласно законските прописи има стекнато само 50 акции (со претварање на интерните во обични ) и откупено од Агенцијата 538 акции т.е. вкупно 588 обични акции .

Акционерот Кираца Трајковска согласно законските прописи има стекнато само 41 акции (со претварање на интерните во обични ) и откупено од Агенцијата 358 акции т.е. вкупно 399 обични акции.

АД,,Фершпед,, Скопје нема отпечатено акции како писмени исправи (хартија од вредност), освен што има издадено потврди за поседување на обични акции, па поради тоа не можело да ги предаде истите на имателите - акционерите за да би можеле истите да ги стекнат правата (побарувањата) од акциите кои се врзани со чинот на примање на самата акција како писмена исправа како и тоа дека е неможно истите права (акции) да ги пренесуваат согласно Законот со полн индосамент на други лица а кои видно се забележува на опачината од самата акција како хартија од вредност а согласно член 242 став 3 а во врска со член 244 став 2 од Законот за облигациони односи .

Во прилог на напред изнесеното за законит пренос на правата од акции во конкретниот случај не постои основниот услов за пренос на правото на прв индосамент (низ на индосаменти) кој е неопходно потребен а согласно со одредбите на член 242 став 2, член 244 став 2 од Законот за облигациони односи член 1 став 3 од Законот за општествен капитал (,,Сл.лист на СФРЈ,, бр.84/98, 46/90) член 10 став 1 од Законот за хартија од вредност (Сл.лист на СФРЈ, бр.64/89 и 29/90) член 6 став 1 од Законот за хартија од вредност (,,Сл.врсник на РМ, бр.5/93) член 5 став 1 од Законот за издавање и тргување со хратии од вредност (,,Сл.весник на РМ, бр.7/97) и член 290 став 1 а во врска со член 7, 9, 6 став 1 точка 6 од Законот за трговски друштва.

Потребата од постоење на горенаведениот индосамент на акциите е заради докажување на законскиот пренос на истите согласно член 248 од Законот за облигациони односи бидејќи и делумниот индосамент согласно член 244 став 6 од Законот за облигациони односи е ништовен.

Согласно член 14 став 4 од Законот за хартии од вредност („Сл.весник на РМ бр.5/93) поседувањето на Потврдите за обични акции на имателите на истите им дава легитимитет на учество во Собранието на акционерите а не и право истите да се пренесуваат од еден имател на друг.

Сходно на сето горе кажано и сите законски прописи јасно е дека и двајцата акционери согласно Законот (со полн индосамент) неможеле да стекнат повеќе акции од горе вкупно наведените акции т.е. акционерот Наков Штерјов неможел да има во книгата запишано вкупно 4236 акции така и акционерот Кираца Трајковска не можела да има во книгата на акции запишано вкупно 1584 акции.

**Врз основа на сето горе кажано и предлагано да согласно член 289 од ЗТД и другите законски прописи да донесете Одлука со која ќе ги избришете од Книгата на акции во ЦДХВ на Фершпед АД Скопје сите неосновано запишани акции на акционерите Наков Штерјов и Кираца Трајковска.**

**ПОДНОСИТЕЛ,**
**Директор Горан Трајковски**

**Копие доставено до:**
-Влада на РМ
- Јавен правобранител на Р М
-Јавниот обвинител на РМ
- МВР Скопје
-Комисија за приватизација при Влада на РМ
- МЖ Скопје